РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISE SE VERIUT
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ
AGJENCIA PER SHERBIME MEDIATIKE AUDIO DHE AUDIOVIZUELE
СКОПЈЕ - SHKUP

| Примено: Pranuar: | | 10.09.2024 | |
|---|---|---|---|
| Орг. Един. Nj.org. | Број: / Numer: | Прилог: Shtojce: | Вредност: Vlera: |
| 03 | 3718/1 | | |


# ЈАВЕН ПОВИК
# ЗА ИЗБОР НА ПРАВНО ЛИЦЕ,
# КОЕ ВРШИ ДЕЈНОСТ ИЛИ ПОСЕДУВА ДОЗВОЛА ЗА ВРШЕЊЕ НА ДЕЈНОСТ ЗА СОБИРАЊЕ И ТРАНСПОРТ НА ЕЛЕКТРОНСКИ ОТПАД И СКЛАДИРАЊЕ И ТРЕТМАН НА ОТПАД, СО ИНСТРУКЦИИ

За избор на правно лице (економски оператор), кое врши дејност или поседува дозвола за вршење на дејност за собирање и транспорт на електронски отпад и складирање и третман на отпад, издадена од Министерство за животна средина и просторно планирање (МЖСПП). На повикот може да конкурираат правни лица со важечки дозволи за дејност што е предмет на овој јавен повик или конзорциум од правни лица со наведените дозволи (дозвола за вршење на дејност за собирање и/или транспортирање на опасен и неопасен отпад и дозвола за вршење на дејност складирање и третман на отпад издадена од МЖСПП).

## I. ОПШТИ ИНФОРМАЦИИ

Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, има потреба од избор на правно лице кое врши дејност и поседува дозвола за вршење на дејност за собирање и/или транспортирање на опасен и неопасен отпад и правно лице со дозвола за вршење на дејност складирање и третман на отпад издадена од МЖСПП за отпадните движни ствари кои поради нивната дотраеност, неупотребливост или технолошка застареност не се користат од страна на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

## II. ОПИС НА ПРЕДМЕТОТ НА ЈАВНИОТ ПОВИК

Предмет на јавниот повик се отпадните движни ствари кои поради нивната дотраеност, неупотребливост или технолошка застареност не се користат од страна на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, и истите се наоѓаат на следнава локација, ул. „Македонија“ бр.38, Палата „Панко Брашнаров“, Скопје.

Избраното правно лице / Избраните правни лица имаат обврска да извршат преземање на отпадните движни ствари, предмет на јавниот повик од наведената локација и истите да ги транспортираат како соодветен тип на отпад на соодветен начин, и истите да ги складираат или третираат во согласност со законските прописи.

## III. КРИТЕРИУМ ЗА ИЗБОР

Критериум за избор на правно лице кое ќе ја врши услугата за собирање и транспорт на електронски отпад и складирање и третман на отпад, ќе биде по принципот кој прв ќе достави понуда.
Правното лице кое ќе ја извршува услугата предмет на овој јавен повик е обврзано истата да ја извршува, без надомест.
Доколку е пристигната само една пријава за учество од едно правно лице, Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги ќе изврши избор на тоа правно лице.

## IV. ПРАВО НА УЧЕСТВО

Право да поднесат пријава за учество имаат сите заинтересирани правни лица, регистрирани за вршење на дејноста предмет на јавниот повик, односно кои вршат дејност или поседуваат дозвола за собирање и/или транспортирање на отпад за собирање и/или транспортирање на опасен и неопасен отпад и правно лице со дозвола за вршење на дејност складирање и третман на отпад издадена од МЖСПП.
Документи кои треба да се достават кон пријавата за учество се следниве:

1. Способност за вршење на дејност
    - Важечка дозвола за собирање и/или транспортирање на опасен и неопасен отпад издадена од надлежен орган
    - Важечка дозвола за вршење на дејност, складирање и третман на отпад издадена од МЖСПП

2. Техничка и професионална способност
    - Изјава дека располага со соодветни транспортни средства за извршување на предметот на јавниот повик
    - Изјава дека за непречено извршување на услугата ќе има на располагање во секое време доволен број на лица за извршување на услугата, предмет на јавниот повик
    - Изјава дека отпадните движни ствари ќе бидат соодветно складирани и третирани во согласност со типот на отпадот (опасен и неопасен) според законските прописи и во согласност со заштита на животна средина.

Документите за способност за вршење на професионална дејност, како и техничка и професионална способност, се приложуваат во оригинал, или во копија заверена од правното лице, со потпис на одговорното лице, и со назнака „верно на оригиналот".

Доколку избраното правно лице се откаже од склучување на договорот, во тој случај склучување на договор ќе му биде понудено на наредното правно лице кое поднело пријава за учество за истата локација, и соодветна документација, предвидена во јавниот повик.

## V. ПРАШАЊА И ПОЈАСНУВАЊА

Подетални информации може да се добијат секој работен ден од 08:30 до 15:30 часот во Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, на локација, ул. „Македонија" бр.38, Палата „Панко Брашнаров", Скопје.

Лица за контакт во врска со јавниот повик се м-р Арбен Саити, Раководител на Секторот за информатичка поддршка и општи работи, со телефон 076/203-222 или на електронска пошта: arben.saiti@avmu.mk , со заменик м-р Горјан Шекеринов, Раководител на Одделение за информатичка поддршка и технологии, со телефон 072/303-973 или на електронска пошта: g.sekerinov@avmu.mk.

## VI. КРАЕН РОК ЗА ДОСТАВУВАЊЕ НА ПРИЈАВА ЗА УЧЕСТВО

Краен рок за доставување на пријава за учество е 17.09.2024 година, до 16:00 часот. Пријавите се поднесуваат електронски на следнава електронска адреса: contact@avmu.mk или по пошта на следната адреса: ул. „Македонија" бр.38, 1000, Скопје.

Пријавата која е поднесена по истекот на крајниот рок, се отфрла како задоцнета. Правното лице го приложува оригиналниот примерок на пријавата со документите кон неа во затворен коверт. Пријавите кои ќе бидат поднесени преку електронска адреса треба да бидат потпишани од страна на одговорното лице на правното лице, и истите заедно со потребната документација да бидат прикачени во скенирана форма.

Пример како треба да изгледа предната страна на затворениот коверт за правните лица кои ќе поднесуваат пријава за учество на јавниот повик преку пошта или директно во архивата на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги:

<table>
<tr><td>„Не отворај”</td><td>за јавен повик<br>за избор на правно лице<br>кое ќе врши дејност или поседува дозвола<br>за собирање и/или транспортирање на<br>отпад</td></tr>
<tr><td colspan="2">Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги<br><br>ул. „Македонија“ бр.38,<br><br>Скопје</td></tr>
</table>

## VII. СКЛУЧУВАЊЕ НА ДОГОВОР

Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги по истекот на 3 дена од денот на донесувањето на одлуката за избор на правно лице кое врши дејност или поседува дозвола за собирање и/или транспортирање на отпад и кое ќе изврши преземање на движните ствари предмет на јавниот повик, ќе ги извести во писмена форма избраното / избраните правни лица.

Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги ќе склучи договор во времетраење од 1 (една) година, со правното лице кое поднело пријава за учество за преземање на движните ствари од локацијата за која ја поднеле пријавата и кои ги исполнуваат условите наведени во јавниот повик.

## VIII. ОБВРСКИ НА ИЗБРАНОТО ПРАВНО ЛИЦЕ ПО СКЛУЧУВАЊЕ НА ДОГОВОРОТ

Правното лице со кое Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги ќе склучи договор е должно да изврши преземање на движните ствари предмет на јавниот повик од локацијата за која поднеле пријава за учество и истите да ги транспортираат на соодветен начин, согласно законските прописи, во рок од 24 часа по пријавување од страна на Агенцијата.

Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и избраното правно лице се должни да направат записник за примопредавање на движните ствари - електронски отпад, предмет на јавниот повик.

Прилог 1

Пријава за учество за локација ул. „Македонија“ бр.38, Палата „Панко Брашнаров“, Скопје

(Правно лице, архивски број, датум и место)

Во врска со јавниот повик, објавен од страна на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, за избор на правно лице кое врши дејност или поседува дозвола за собирање и/или транспортирање на опасен и неопасен отпад и правно лице со дозвола за вршење на дејност складирање и третман на отпад, издадена од МЖСПП, ја поднесувам следната пријава за учество:

I. ОПШТИ ПОДАТОЦИ

1. Име на правното лице------------------------------------------------------------------
2. Контакт информации:
   - Адреса:---------------------------------------------------------------------------
   - Телефон: -------------------------------------------------------------------------
   - Е-пошта: -------------------------------------------------------------------------
   - Лице за контакт: -----------------------------------------------------------------
3. Одговорно лице: -------------------------------------------------------------------

   (лице кое ќе биде одговорно за реализација)
4. Даночен број: ---------------------------------------------------------------------
5. Матичен број: ---------------------------------------------------------------------

Исто така, со поднесување на оваа пријава за учество, во целост ги прифаќаме условите предвидени во јавниот повик, и не го оспоруваме Вашето право да ја поништите постапката.

Одговорно лице во правното лице

________________________________________

(име, презиме и потпис)

*Пријавата за учество ја потпишува одговорно лице во правното лице

# И З Ј А В А

Јас долупотпишаниот --------------------------------------------------------------------------------, во својство на одговорно лице, под целосна морална, материјална и кривична одговорност, изјавувам дека за непречено извршување на услугата ќе има на располагање во секое време доволен број на лица за извршување на услугата, предмет на јавниот повик, за избор на правно лице, кое врши дејност или поседува дозвола за собирање и/или транспортирање на опасен и неопасен отпад и правно лице со дозвола за вршење на дејност складирање и третман на отпад, издадена од МЖСПП.

Одговорно лице

-----------------------------------------

*Изјавата ја потпишува одговорното лице

# И З Ј А В А

Јас долупотпишаниот --------------------------------------------------------------------------------, во својство на одговорно лице, под целосна морална, материјална и кривична одговорност, изјавувам дека за непречено извршување на услугата ќе располагам со соодветни транспортни средства за извршување на услугата, предмет на јавниот повик, за избор на правно лице, кое врши дејност или поседува дозвола за собирање и/или транспортирање на опасен и неопасен отпад и правно лице со дозвола за вршење на дејност складирање и третман на отпад, издадена од МЖСПП.

Одговорно лице

-----------------------------------------

*Изјавата ја потпишува одговорното лице

# И З Ј А В А

Јас долупотпишаниот --------------------------------------------------------------------------------, во својство на одговорно лице, под целосна морална, материјална и кривична одговорност, изјавувам дека отпадните движни ствари ќе бидат соодветно складирани и третирани во согласност со типот на отпадот (опасен и неопасен) според законските прописи и во согласност со заштита на животна средина.

Одговорно лице

-----------------------------------------

*Изјавата ја потпишува одговорното лице